**ПЛАН**

# ЗА ТЕРЕНСКА АКТИВНОСТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ ВО СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА ВО МАКЕДОНИЈА

**“Инвестираме во знаење – ги инспирираме младите“**

**Предлог:**

Посета на средните училишта во Македонија од страна на подготвен тим на УГД во интерактивна форма – работилници за развој на вештини кај младите, дополнети со кратки клучни предности од студирањето на УГД.

Фокусот на работилниците примарно ќе биде развој на т.н. меки вештини кои се утврдени како клучни за полесно вработување во иднина, како на пример: комуникација, употреба на социјални медиуми и технологија, сајбер безбедност, јавно говорење и ораторство, критичко размислување, грижа за здравје и справување со стрес, решавање проблеми и развој на идеи, креативност, менаџирање на време и организација, лидерство и претприемништво, и сл.

**Цели:**

- Континуитет во одржување на веќе воспоставениот позитивен контакт со училиштата и средношколците.
- Да одговориме на барањата на младите утврдени преку претходната посета на училиштата за надградување на нивните вештини преку обуки/работилници од кои ќе имаат директна корисност.
- Да ги запознаеме младите со дел од начините на работа на Универзитетот преку формат во кој ќе имаат директно и активно учество во процесот.
- Да ги потсетиме на можностите, програмите и придобивките што ги нуди Универзитетот.
- Да создадеме позитивно, корисно и информативно искуство кое ќе се усогласи со интересите на младите.
- Да се разликуваме од останатите универзитети кои се’ уште се потпираат на потрадиционалните пристапи на отворени денови или клачина посета со презентација.
- Да го одржуваме интересот кај целната група на повисоко ниво преку директна работа со нив.

**Таргет:** Најмалку 20 училишта во Македонија, со фокус на поголемите.

**Времетраење/изведување:** Работилниците ќе се изведуваат во тимови од најмалку 2јца учесници од различни факултети по тим, по училиште, за обезбедување на меѓусебна контрола на презентерите, поголема динамика на презентацијата, како и намалување на монотонијата која може да се јави во случај да презентира само еден човек. Во работилниците ќе е вклучуваат и студенти - волонтери, секаде каде што е можно. Период на изведување на активности: февруари - април

**Теми на работилниците:**

1. Развој на претприемачки вешини
2. Јавно говорење и дебата
3. Деловна комуникација – CV, мотивациско писмо и интервју
4. Готов производ – од идеја до реализација
5. Здрав начин на живеење
6. Емоционална интелигенција и говор на тело

**Работна група:**

| **Реден бр.** | **Име и презиме** |
|---|---|
| 1. | Проф. д-р Тамара Јованов Апасиева, Координатор за ОЈ и маркетинг |
| 2. | Доц. д-р Милена Ристова-Михајловска, Филолошки факултет |
| 3. | Доц. д-р Ана Витанова-Рингачева |
| 4. | Проф. д-р Емилија Митева – Кацарски, продекан на економски факултет - Штип |
| 5. | Асс. м-р Паулина Апостолова, ФМН |
| 6. | Асс. м-р Дино Карпичаров, ФМН |
| 7. | Асс. м-р Мила Митрева, Економски факултет - Штип |
| 8. | Асс. д-р Моника Арсова, Економски факултет |
| 9. | Доц. д-р Наташа Сарафова, Филолошки факултет |
| 10. | Доц. д-р Дејан Крстев, Машински факултет |
| 11. | Асс. м-р Наташа Донева, Правен факултет |
| 12. | Доц. д-р Билјана Читкушева-Димитровска, Електро-технички факултет |
| 13. | Проф. м-р Сашо Поповски, Музичка академија |
| 14. | Асс м-р Кристијан Панев, Правен факултет |
| 15. | Проф. д-р Верица Наумова, Ликовна академија |
| 16. | Доц.д-р Христина Серафимовска, Туризам и бизнис логистика |
| 17. | Лазар Ѓорѓиев, ФПТН |
| 18. | Владица Николовска, ФПТН |
| 19. | Проф. д-р Соња Јордева, ТТФ |
| 20. | Ирена Жежова (студент), ФМН, ФСС при ФМН, СОМА, Гоце.мк (mail: irena.153781@student.ugd.edu.mk ) (за надвор од Штип) |
| 21. | Јован Спасовски (студент), ФМН и Еразмус + канцеларија за меѓународна соработка (mail: jovan.153284@student.ugd.edu.mk) (за навор од Штип) |
| 22. | Други студенти (волонтери) по потреба |

**Фотографии**


Универзитет
„Гоце Делчев"
Штип, Р.С. Македонија

